# <u>БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ</u>

## ЗА ИЗРАБОТКА И ЕМИТУВАЊЕ НА ДВЕ СТОРИИ (ВИДЕО И РАДИО) ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ УСЛОВИ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП

Предмет на барањето: **Прибирање понуди за изработка и емитување на видео и радио сторија**

Почитувани,

Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците Достоинствен Работник од Прилеп објавува „Барање за прибирање на понуди“ повикувајќи ги сите регистрирани правни субјекти, да поднесат понуди со следните содржински спецификации:

**1.Општи услови**

1.1 Набавувач на услуги Здружение Достоинствен Работник од Прилеп, со седиште на ул. „Трајко Сандански“ бр.3, Прилеп, Р.Северна Македонија.

1.2 Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците Достоинствен Работник го реализира проектот **“Не биди роб – информирај се за своите работнички права!“** во општина Прилеп со поддршка од <u>Европската Унија</u> преку грантова шема на Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта во рамките на проектот „Стратешки партнерства за развивање на социјална агенда за промени: „Препознај, почитувај и остварувај права“. Застапувањето на правата на работниците е притисок кон донесувачите на одлуки и алармирање на јавноста за важноста на прашањето за трудовата експлоатација. Основната цел на проектот е да се воспостави механизам за информации и превенција од трудова експлоатација меѓу работниците. За успешно реализирање на проектот потребно е да се изврши видео и радио сторија со цел утврдување на постоење на трудова експлоатација на работниците од страна на работодавачите и условите за работа во текстилната индустрија.

1.3 Набавката на ова барање е делива. Изборот ќе се направи согласно најдобриот финансиски и интерес за квалитет на барателот.

1.4 Понудувачот во случај на избор на неговата понуда е должен да обезбеди фактура од Управата за јавни приходи без ДДВ до барателот, заради исплата од страна на средствата од грант на Европската Унија.

*Проектот „Не биди роб-информрај се за своите раотнички права“ е финансиран од програмата за доделување грантови на проектот „Стратешки партнерства за развивање на социјална агенда за промени: ,,Препознај, почитувај и остварувај права" финансиран од ЕУ, а спроведуван од Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта.*

**2. Понуда**

2.1 Понудувачот треба да достави понуда во која согласно потребите на набавувачот треба да содржи:

-Понуда за изработка на една реална видео сторија со времетраење до максимум 10 минути или најмалку 7 минути.

-Понуда за изработка на една реална радио сторија со времетраење до максимум 5 минути или најмалку 3 минути.

-Биографија на правниот субјект со линкови до некои од претходно подготвените стории како илустрација за работата на понудувачот.

-Видео и радио сториите ќе се изработуваат во период од 15.09.2019 до 10.10.2019 година.

*При подготовка на понудите понудувачот треба да го има во предвид фактот дека снимањето и емитувањето треба да се реализира на територија на Општина Прилеп. Периодот на емитување да биде во рок од 7 работни дена, од 15.10.2019-22.10.2019 година.

**3. Критериуми за избор на најповолен понудувач:**

-Долговремено и потврдено искуство во областа

-Цена

-Квалитет на понудените услуги

Цената и искуството во областа носат најмногу по 45 бодови, додека квалитетот носи 10 бодови, а за добитник на повикот по барањето за доставување на понуди се смета понудувачот кој ќе добие најмногу поени.

Искуството во областа ќе се оценува на начин што ќе се анализираат доставените биографии на понудувачите.

Бодувањето на понудените цени се определува согласно проценетиот сооднос на најниската и највисоката цена.

*Проектот „Не биди роб-информрај се за своите раотнички права" е финансиран од програмата за доделување грантови на проектот „Стратешки партнерства за развивање на социјална агенда за промени: ,,Препознај, почитувај и остварувај права" финансиран од ЕУ, а спроведуван од Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта.*

**4. Облик и содржина на понудата**

4.1 Понудата се изработува во писмен облик.
4.2. Име, адреса и седиште на понудувачот на услуги, даночен број, телефонски број, е-маил, адреса за контакт како и лица за контакт.
4.3 Тековна состојба од добавувачот, не постара од една година.
4.4 Карактеристики на понудата.
4.5 Рок и начинот на испорака на услугите.
4.6 Вредност на понудените содржини и услуги изразена во денари без вклучен ДДВ.
4.7 Рок и начин на плаќање.

Набавувачот ќе го плати нето износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот и на надлежниот орган сите потребни документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет.

Ве молиме вашите понуди да ги испратите по електронска пошта (е-маил) на следната адреса rob.adw19@gmail.com и rarizankoski@yahoo.com или лично да ги доставите во просториите на здружение Достоинствен Работник на адреса „Трајко Сандански“ бр.3, Прилеп, Р.Северна Македонија **во период од 02.09.2019 до 10.09.2019 година до 16 часот.**

Прилеп, 02.09.2019

Проект координатор

______________________

Гоце Блажески

*Проектот „Не биди роб-информрај се за своите раотнички права“ е финансиран од програмата за доделување грантови на проектот „Стратешки партнерства за развивање на социјална агенда за промени: ,,Препознај, почитувај и остварувај права" финансиран од ЕУ, а спроведуван од Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта.*